ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

СУ бр. 07-8/23-2

14.03.2023 година

Битола

Судскиот администратор на Основен суд Битола, Силвана Дејаноска, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 33/15,98/18,61/16 и 198/18), а по спроведената постапка по Интерен оглас бр.01/22, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник- 1 (еден) извршител, по доставениот Предлог за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување СУ бр. 04-73/22-1 од 13.03.2023 година, на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат за унапредување на судски службеник

За работно место - Судски советник 1 (еден) извршител, категорија ,,В,, ниво ,,В-1,, шифра СУД 0101В01001, по интерниот оглас на Основен суд Битола 01/22 се избира кандидатиот:

Билјана Секуловска Гагачева

Решение за унапредување на избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

## Образложение

По добиено известувањето на Министерство за финансии бр. 18-9846/2 од 13.12.2022 година и согласност од Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-1084/9 од 21.12.2022 година за обезбедени финансиски средства, од страна на Основен суд Битола, на веб страната на судот на ден 28.12.2022 год. беше објавен Интерен оглас бр.01/22, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник 1 (еден) извршител.

Во законски предвидениот рок за ова работно место беа доставени 3-три пријави.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување, спроведена е постапка за административна селекција и составен е записник СУ бр. 04-73/22-1 од 06.03.2023 година.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно член 5 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ... („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2020), изврши интервју со кандидатите, за што состави записник Су бр. 04-73/22-1 од 13.03.2023 година.

После спроведеното интервју, од страна на Комисијата за селекција за унапредување составена е конечна ранг листа и до Судскиот администратор доставен е Предлог за унапредување СУ бр.04-73/22-1 од 13.03.2023 година со кој се предлага унапредување на кандидатот Билјана Секуловска Гагачева.

Судскиот администратор, согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција за унапредување одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
Судски администратор
Силвана Дејаноска
-----------------------------------------

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8-осум дена од приемот на известување за извршен избор, преку овој суд, до Совет на судска служба во Врховен суд на РСМ.

ДНА:Билјана Секуловска Гагачева, Ирена Димитријовска, Мерита Шабани, архива, на огласна табла на судот, да се објави веб страната на судот.